Партнерство за Отворена Власт на **Северна Македонија**

# НЕЗАВИСНО ИЗВЕСТУВАЊЕ:
Република Северна Македонија

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:
Спречување на корупција и промовирање на добро владеење

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА:
октомври 2021 – август 2023

Маријана Јанческа, Фондација Метаморфозис

ECE

Во пресрет на подготовката на петтиот Национален акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 година (НАП за ПОВ 2021-2023), се формираше Мрежа на граѓански организации за ПОВ со цел поорганизирано делување и влијание на граѓанските организации на неговото креирање, како и поттикнување и мониторинг на имплементацијата на постојниот и идните акциски планови.

Со цел обезбедена вклученост на граѓанските организации во поддршка и следење на имплементацијата на НАП за ПОВ 2021-2023, Мрежата за ПОВ учествува и придонесува за воспоставување структура за координација и мониторинг на развојот и спроведувањето на НАП за ПОВ 2021-2023 обезбедувајќи независен мониторинг на имплементацијата.

# СОДРЖИНА

**Извршно резиме:**
**Република Северна Македонија –**
Спречување на корупција и
промовирање на добро владеење ........ 5

**I. Вовед** ........ 8

**II. Имплементација на акцискиот план –**
Спречување на корупција и
промовирање на добро владеење ........ 10

**III. Методологија и извори** ........ 16

**Анекс I.** ........ 17
Преглед на имплементацијата на Спречување на
корупција и промовирање на добро владеење ........ 17

**Анекс II.** ........ 18
Извори / материјали за верификација ........ 18

Образецот за извештајот го изработи Дарко Антиќ од Здружението ЕСЕ врз основа на обрасците за извештајот на МНИ (механизам за независно известување). Образецот е изработен за подготовка на извештаи, кои се дел од процесот за независно оценување и мониторинг на Акцискиот план за ПОВ на Република Северна Македонија од страна на претставници на граѓанските организации кои се членки на Националната мрежа на ГО за ПОВ.

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ:

## Република Северна Македонија – Спречување на корупција и промовирање на добро владеење

Трите заложби што се дел од приоритетната област Спречување на корупција и промовирање на добро владеење напредуваат добро. Иако во моментов само една е целосно завршена, а две се во фаза на имплементација, се забележува промена во политичката клима и мотивираност за спроведување на преземените обврски од страна на државните институции.

Континуираниот притисок од страна на граѓанските организации кои работат на полето на антикорупција, отворените податоци и промовирањето на транспарентност и доброто владеење се покажаа како клучни за напредокот во оваа приоритетна област. Финансиската поддршка при набавка на софтверски решенија има позитивно влијание, но се забележува недоволно промовирање на промените, односно веста за нивната имплементација не стигнала до крајните корисници.

Со јавно објавување на предметите за изборот на избрани и именувани лица од Владата на РСМ како раководители на институции ќе се унапреди не само транспарентноста туку и довербата на граѓаните во капацитетите на институциите. Оваа заложба претставува ѕвездена заложба со долгорочно позитивно влијание врз општеството.

## ОПШТ ПРЕГЛЕД НА ПРИОРИТЕТНАТА ОБЛАСТ

→ Во приоритетната област има три заложби од коишто една е целосно завршена, а две се во процес на имплементација. Вклученоста на граѓанското општество е клучна и континуирана, бидејќи сите три заложби се предложени и се имплементирани во дослух со релевнатни граѓански организации.

→ Објавувањето на склучените договори во отворен формат доведува до поголема отчетност и сигурност во професионалноста на процесот. Нивното соодветно промовирање како опција треба да доведе до поголема искористеност од страна на истражувачките новинари, бизнис-заедницата и граѓанското општество.

## ТАБЕЛА 1.

| БРЗ ПРЕГЛЕД |
|---|
| Приоритетот постои од: октомври 2021 г., но се надоврзува на приоритетите Интегритет и добро управување и Фискална транспарентност од НАП 4. |
| Период на имплементација, кој е предмет на известување: октомври 2021 – август 2023 |
| Број на заложби во рамки на приоритетот: 3 |

| РАЗВОЈ НА ПРИОРИТЕТОТ |
|---|
| Ниво на отвореност и учество: отворен |
| Гласот на ГО: големо влијание |
| Вклученост на јавните институции: голема |

| ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА |
|---|
| Усвоени заложби: 3 (100 %) |
| Целосно реализирани заложби: 1 (33 %) |
| Ниво на соработка меѓу ГО и јавните институции: високо |

## ПЕТ КЛУЧНИ ПРЕПОРАКИ

Тие имаат за цел да го информираат развојот на заложбите, кои се дел од приоритетот што се оценува во следниот акциски план и да го насочат спроведувањето на тековниот акциски план. Мониторот го препорачува следново:

Базата на отворени јавни набавки да се прошири и освен склучените договори да ги содржи и анексите, плановите за јавни набавки и огласите.

Да се изготват и да се визуелизираат анализи користејќи ја базата на јавни набавки во отворен формат за да може на јавноста да ѝ се претстави нивната корисност и да се изгради слика како може да се користат.

Да се стави во функција софтверското решение кое вклучува модул за лесно пријавување на анкетната состојба и транспарентност на промена на имотната состојба низ времето.

Да започне објавувањето на предметите за избрани/именувани лица на порталот отворени податоци.

## ЗА АВТОРОТ

**Маријана Јанческа** е магистер по културологија со завршени повеќе специјалистички студии во областа менаџмент на комуникации. Нејзината кариера во граѓанскиот сектор опфаќа повеќегодишно искуство како координатор на грантови, проектен координатор и специјалист за мониторинг и евалуација. Се појавува како уредник, автор и преведувач на повеќе публикации.

Во тимот на Фондацијата Метаморфозис се приклучи во декември 2020 година и работи како специјалист за поттикнување на отвореност и учество.

# I. ВОВЕД

Партнерството за отворена власт е глобална иницијатива која ги обединува реформаторите од власта и лидерите од граѓанското општество во креирање акциски планови за властите да бидат поинклузивни, респонзивни и отчетни. Заложбите од акцискиот план во приоритетната област Спречување на корупција и промовирање на добро владеење може да се надградуваат на постојните заложби, да идентификуваат нови чекори за реализација на тековните реформи или да иницираат акција во сосема нова област. Независниот монитор ангажиран за изработка на овој извештај спроведе серија активности за оценка на имплементацијата на заложбите за да се осигура дека властите ќе останат посветени на нивното спроведување. Лидерите од граѓанското општество и од власта ги користат овие евалуации за да се осврнат на сопствениот напредок и да утврдат дали преземените акции имаат влијание врз животот на луѓето.

Република Северна Македонија учествува во ПОВ од 2011 година и досега има усвоено пет акциски планови. Петтиот акциски план (2021 - 2023) ја надминува амбицијата на претходните планови, особено во однос на транспарентноста на јавните набавки, испораката на јавни услуги и пристапот до правда за ранливите групи. Целосното спроведување на планот може да ја направи Република Северна Македонија регионален лидер на Западниот Балкан во клучните области на отворена власт и ги адресира приоритетите од процесот за пристапување во ЕУ. Со оглед на опфатот и обемот на акцискиот план, потребна е тесна соработка меѓу јавните институции и граѓанското општество за постигнување значајни резултати. Заложбите од петтиот акциски план на Република Северна Македонија се организирани во пет тематски области: транспарентност, антикорупција, испорака на јавни услуги, пристап до правда и животна средина и климатски акции. Заложбите покриваат голем број теми, вклучително и јавни набавки, следење на пријавите за имотната состојба на јавните функционери, интегрирање на граѓанските приоритети во испораката на јавни услуги и зајакнување на пристапот до бесплатна правна помош. Република Северна Македонија го спроведува и својот втор акциски план за отворен парламент и првиот акциски план за отворено судство за зајакнување на транспарентноста на судските власти.

Проценката ја направи независниот монитор Маријана Јанческа од Фондацијата Метаморфозис, која ја направи и оваа евалуација. Извештајот има за цел да го информира тековниот дијалог за развивање и спроведување на идни заложби.

Овој извештај ја опфаќа имплементацијата на заложбите во рамките на Спречување на корупција и промовирање на добро владеење од петтиот акциски план на Република Северна Македонија за периодот 2021 - 2023.

Во Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2022 [1] г. е наведено дека таа ги продолжила своите напори за зајакнување на демократијата и владеењето на правото. Институциите ја покажаа својата посветеност да постигнат резултати во кластерот „Темели“, но напредок е постигнат и преку агендата „Европа дома“. Блокадата од Република Бугарија ги разгори неодговорените внатрешни дилеми, но и ја поттикна Владата да се насочи кон зголемена регионална соработка преку иницијативата Отворен Балкан. Во јануари 2022 година беше избрана новата Влада во Република Северна Македонија, која се обврза „да се води од основните и напредни принципи на добро управување и тоа, одговорност, ефикасност, отчетност, чесно работење, инклузивност и достапност“ [2]. Важен член во составот на новата Влада е изборот на заменик на претседателот на Владата задолжен за политиките за добро владеење, што е предвидено поради „креирањето и имплементирањето на политиките за добро владеење да бидат императив, во насока на обезбедување на професионалност, ефикасност и транспарентност во општеството“ [3]. Според Проценката на добро владеење во Република Северна Македонија и регионот преку Индексот на отвореност [4], најотворена е Владата на Република Северна Македонија, која исполнува 82,71 % од поставените критериуми за отвореност, по која следува Владата на Црна Гора со 58,16 %. На трето место е БиХ со 49,58 %. Владата на Република Србија е на последно место со исполнување на 37,96 % од критериумите за отвореност. Отвореноста и транспарентноста на властите е едно од клучните прашања во реформата на јавната администрација и процесот на европска интеграција што го водат земјите од Западен Балкан. Прашањето за транспарентност на јавната потрошувачка се покажува како особено чувствително, а потребата од вклучување на граѓаните и граѓанскиот сектор во креирањето политики и одлучувањето заслужува апел.

Владата на Република Северна Македонија се приклучи кон иницијативата за Партнерство на отворени влади (Отворено владино партнерство) и на 1.6.2012 година го усвои првиот Акциски план со што стана полноправна членка. Од тогаш до сега, Република Северна Македонија има усвоено пет Национални акциски планови за Партнерството за отворена власт (2012, 2014, 2016, 2018 и 2021). Мониторираните заложби се дел од последниот акциски план за периодот 2021 - 2023 година и се однесуваат на областа Спречување на корупција и промовирање на добро владеење.

[1] https://www.sep.gov.mk/post/?id=5657#.Y2OMO3bMJPY

[2] http://vlada.mk/sites/default/files/programa/2022-2024/programa_na_vladata_2022-2024.pdf

[3] Ibid.

[4] https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/procenka-na-dobroto-vladeenje-vo-severna-makedonija-i-regionot-preku-indeksot-na-otvorenost-sobranie-i-izvrshna-vlast-merenje-za-2021/

# II. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН – СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И ПРОМОВИРАЊЕ НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

## 2.1. ПРЕГЛЕД НА АКЦИСКИОТ ПЛАН – СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И ПРОМОВИРАЊЕ НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

Акцискиот план во приоритетната област Спречување на корупција и промовирање на добро владеење беше изготвен во дослух и партнерство со граѓанското општество. Нивото на отвореност на процесот беше високо и сите предложени заложби беа прифатени откако соодветно беа разработени и дополнети.

Приоритетната област Спречување на корупција и промовирање на добро владеење содржи три заложби: Јавните набавки како отворени податоци; Унапреден механизам за следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица, Јавно објавување на предметите за изборот на избрани/именувани лица од Владата на РСМ како раководители на институции. Од овие три заложби, едната е целосно завршена, додека двете се во процес на имплементација. Сите три заложби вклучуваат софтверско решение, односно делумна или целосна дигитализација на процесот. Фактори кои несомнено го забрзаапроцесот се финансиската и логистичката поддршка од граѓанското општество, додека политичката волја може да се смета како кочница во случајот со третата заложба - Унапреден механизам за следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица.

Сите три заложби може да се сметаат за исклучителни, односно ѕвездени заложби што би имале големо позитивно влијание врз општеството.

## 2.2. ЗАЛОЖБИ

### I. Јавните набавки како отворени податоци

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИЗАЈНОТ | ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА |
| --- | --- |
| 1. Заложбата е развиена преку отворен и консултативен процес со учество на релевантните засегнати страни: **ДА** | 1. Статус на имплементација: **завршена** |
| 2. Заложбата е релевантна за ПОВ: **ДА** пристап до информации, граѓанско учество, јавна отчетност | 2. Заложбата донела промени во јавниот сектор: **ДА** |

Јавните набавки често претставуваат место каде што може да се спроведат најразлични коруптивни практики. Преку нивното објавување во отворен формат се намалува можноста за корупција, бидејќи вниманието на јавноста е поизострено, а на експертите за отворени податоци и истражувачките новинари им се дава алатка за континуирано следење на процесите. Целта на заложбата е подобрување на отчетноста на јавните набавки преку зголемена можност за надворешен надзор од медиуми и граѓански организации. Заложбата предвидува објавување на јавните набавки во машински читлив формат, како отворени податоци на владиниот портал за таа намена.

Во однос на јавните набавки како отворени податоци важно беше да се дознае дали е развиена базата на јавни набавки во отворен формат; колку од јавните набавки во отворен формат се достапни на официјалниот владин сајт и дали тие се отворени проактивно од институциите или како дел од проект. Освен тоа, се постави прашањето дали објавените податоци ги задоволуваат критериумите на порталот www.data.gov.mk и дали се употребливи за бизнис-заедницата и сите ентузијасти за податоци.

Се спроведоа интервјуа со Миша Поповиќ од Институт за демократија СоциетасЦивилис и Горан Давидовски од Бирото за јавни набавки.

Веб-страницата на Бирото за јавни набавки е подобрена и надградена, но се забележуваат одредени разлики во квалитет ако се користат различни интернет-прелистувачи – на пример Мозила, Еџ (Edge), Експлорер (Explorer). На страницата преку посебно копче на почетната страница со назив отворени податоци - се отвора нов прозорец со сите достапни отворени податоци. Софтверското решение дава приказ на податоци поделени во следните групи: огласи; договори; аукции; поништувања и корисници. Податоците се претставени преку разни табели, пити, графикони и други визуелизации, а преку филтрите може да се пребарува на месечно, квартално или на годишно ниво.

Новото дополнување на порталот нуди симнување во отворен формат на поединечни договори или серија на договори избрани преку неколку параметри. Решението е обмислено од страна на БЈН во комуникација со Институтот за демократија СоциетасЦивилис, а е изведено од софтверската компанија која е тековен одржувач на веб-страницата на Бирото за јавни набавки. Она што недостасува како информација во моментов е колку пати биле симнати податоци во отворен формат, како и за што биле искористени симнатите податоци. Во разговор со претставникот на Бирото за јавни набавки беше споделено дека главната цел е отворените податоци да се употребливи за бизнис-заедницата, но во моментов не располагаат со информација колку од нив биле реупотребени.

Пробавме да симнеме серија на склучени договори и упатството прикачено на сајтот за чекорите што треба да се преземат за да се конвертира фајл од csv во excel беше особено корисно. Целата постапка се одвива лесно и едноставно.

Објавените податочни сетови се во сумарен формат, потоа од корисникот зависи колку ќе биде иновативен и на кој начин ќе ги прикаже. Сепак, потребно е делумно чистење на податоците пред нивно визуелизирање или прикажување во друг графички формат.

### II. Унапреден механизам за следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИЗАЈНОТ | ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА |
|---|---|
| 1. Заложбата е развиена преку отворен и консултативен процес со учество на релевантните засегнати страни: **ДА** | 1. Статус на имплементација: **во тек** |
| 2. Заложбата е релевантна за ПОВ: **ДА** пристап до информации, граѓанско учество, јавна отчетност | 2. Заложбата донела промени во јавниот сектор: **ДА** |

Функционален механизам за евидентирање и следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица доведува до намалување и спречување на нелегалното богатење на избраните и именуваните лица. Државната комисија за спречување на корупција е доста ограничена во однос на евидентирање и следење на имотната состојба на функционерите, а постои и недоволна ефикасност во следењето на нивната имотна состојба. Во моментов, регистарот на именувани и избрани лица ја нема целосно остварено функцијата за која е воспоставен и ДКСК нема целосен увид за вкупниот број функционери во Република Северна Македонија.

Главна цел на заложбата е воспоставување на функционален систем што ќе ја поедностави проверката на имотната состојба и интересите на избраните и именуваните лица и ќе им обезбеди на граѓаните соодветен увид на имотната состојба и интересите на избраните и именуваните лица и преглед на настанатите промени во периодот додека ја извршуваат функцијата.

Прашањата што беше важно да се одговорат во однос на унапредениот механизам за следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица се дали е комплетирано софтверското решение и што вклучува. Врз основа на добиените одговори, прашавме и кога се очекува да биде готово и кои се предизвиците со кои се имаат соочено при реализација. Се спроведоа интервјуа со Миша Поповиќ од Институт за демократија СоциетасЦивилис и Борче Стојановски од Државната комисија за спречување на корупција. Дизајнирањето на подобреното софтверско решение е во тек. Теркот е воспоставен врз основа на досегашното искуство и само ќе се пренесе анкетниот лист во електронска форма, односно според веќе утврдената форма на изјавата за имотна состојба. Содржината е дефинирана, а останува да се утврди уште формата, бидејќи тоа зависи од софтверското решение. Постои простор за ситни измени во самата форма за да се вметнат криптовалути. Интервјуираниот претставник на ДКСК смета дека софтверското решение би требало до крајот на годинава да биде финализирано и пуштено во продукција. Еден дел е изработен (регистар на избрани/именувани лица) и во моментот на подготовката на извештајов беше спроведена обука за лица од Генералниот секретаријат на Владата. Финансиските импликации се преку проект за којшто претставникот на ДКСК не беше подетално запознаен. Идејата е да се има електронско поднесување на пријавите, а верификација да се прави со испечатен образец. Во тек е и иницијатива за промена на Законот, односно во делот каде што се вели дека анкетниот лист се поднесува електронски или во хартиена форма, се брише хартиена форма и ќе остане единствено електронска форма.

## III. Јавно објавување на предметите за изборот на избрани/именувани лица од Владата на РСМ како раководители на институции

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИЗАЈНОТ | ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА |
|---|---|
| 1. Заложбата е развиена преку отворен и консултативен процес со учество на релевантните засегнати страни: **ДА** | 1. Статус на имплементација: **во тек** |
| 2. Заложбата е релевантна за ПОВ: **ДА** пристап до информации, граѓанско учество, јавна отчетност | 2. Заложбата донела промени во јавниот сектор: **ДА** |

Избраните/именуваните лица од Владата на РСМ како раководители на институции претставуваат највисок меритократски слој во државната управа. Меѓутоа, практиката се разликува од стандардите и долги години изборот на кадри останува во голем дел неформален, со назначување вршители на должност или пак со ниско ниво на компетентност, односно огласи само со еден кандидат. Нестручниот раководен кадар не придонесува кон развојот на институцијата, бидејќи не знае да го одбере и управува решението на проблеми со кои таа се соочува. Освен тоа, со некористењето на мерит систем на именување се демотивираат стручните кадри во самата институција, како и надворешните стручњаци што се надеваат дека може да успеат на јавен оглас да добијат шанса да раководат со јавна институција. Главна цел на заложбата е објавување на предметот за избор на избраното или именуваното лице (објавениот оглас доколку го има, предлогот на комисијата за именување, Одлуката на Владата, биографија на избраното или именуваното лице, матрица за самоевалуација, мотивационо писмо и програма за работа).

Тука ни беше важно да дознаеме дали е подготвена листата на стандардни и дополнителни документи за објава во еден предмет, како и да разбереме како течел процесот на спроведување. Се одржаа состаноци со Маја Петковска Лесер од Генералниот секретаријат на Владата и Миша Поповиќ од Институт за демократија СоцијетасЦивилис. Последниот состанок на засегнатите страни за оваа заложба бил одржан во март 2022 година и во моментов нема придвижување на работите. Дел од причините за неактивноста е немањето на политичка волја, но и миграцијата на кадри во државната администрација. Листата на документи што треба да ги содржи еден објавен предмет е финализирана, но треба да се достави до Владата за финална одлука. Листата за избрани лица ги содржи следните информации: објавен линк до огласот, предлогот на комисијата, биографија на избраното/именуваното лице, мотивационо писмо на избраното/именуваното лице, програма за работа, табела и статистички податоци за конкурсот (колку

се пријавиле, уредни/неуредни пријави, навремени/ненавремени пријави итн.). Листата за именувани лица ја содржи биографијата на избраното лице и одлуката за именување, а истото важи и за именувањето вршители на должност.

Во разговор со претставникот на Генералниот секретаријат се увиде дека некои институции ги објавуваат предметите за избор на избрани/именувани лица, но само по сопствена иницијатива и проактивно, бидејќи нема важечка одлука на Владата. Ова не е заложба што има почеток и крај, туку континуирано ќе се остварува штом ќе помине на Влада, а дополнително ќе важи и ретроактивно за сите избрани/именувани лица во мандатот на сегашната Влада. Според информациите од Генералниот секретаријат, во моментов има околу 55 функционери за кои треба да се изготват предмети. Се очекува да се завршат сите потребни постапки до крајот на декември 2022 г. и предметите да почнат да се објавуваат во 2023 година.

# III. МЕТОДОЛОГИЈА И ИЗВОРИ

**Процесот на мониторирање ги содржеше следните активности:**

→ Разгледување на заложбите и нивната поврзаност со претходните акциски планови;

→ Спроведување на интервјуа со сите засегнати страни (претставници на граѓански организации и одговорни лица од државни институции);

→ Разгледување на законодавната рамка и поврзаноста со другите заложби;

→ Пополнување на матрица за мониторирање;

→ Подготовка на нацрт-извештај.

# АНЕКС I.

## ПРЕГЛЕД НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И ПРОМОВИРАЊЕ НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

### Легенда

**ЗЕЛЕНО** = реализирана (завршена)

**ЖОЛТО** = во тек (само доколку се преземени сите потребни чекори и заложбата ќе биде реализирана)

**ЦРВЕНО** = незапочната или започната заложба, но нема напредок во имплементацијата

| Број (исто како во АП) | Назив на заложбата | Назив на акциите | Статус на реализација |
|---|---|---|---|
| **2.1.** | Јавните набавки како отворени податоци | **6.1.1** Подготовка на план за објавување, кој претставува структура на податочниот сет и избор на информации што ќе се објавуваат за секоја јавна набавка<br>**6.1.2** Објавување на базата на порталот отворени податоци | ЗЕЛЕНО |
| **2.2.** | Унапреден механизам за следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица | **6.2.1** Комплетирање на софтверското решение за регистар и анкетни листови<br>**6.2.2** Иницијална фаза на прибирање податоци | ЖОЛТО |
| **2.3.** | Јавно објавување на предметите за изборот на избрани/ именувани лица од Владата на РСМ како раководители на институции | **2.3.1** Подготовка на листа на стандардни и дополнителни документи за објава во еден предмет<br>**2.3.2** Објавување на предметите за именување на избраните/ именуваните лица на порталот отворени податоци | ЖОЛТО |

# АНЕКС II.

## ИЗВОРИ / МАТЕРИЈАЛИ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА

1. Видео од одржана средба со Борче Стојановски, претставник на ДКСК;
2. Видео од одржана средба со Миша Поповиќ, Институт за демократија „СоциетасЦивилис“;
3. Видео од одржана средба со Горан Давидовски, претставник на Бирото за јавни набавки;
4. Видео од одржана средба со Маја Петковска Лесес, претставник на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ;
5. Кореспонденција по меил со Борче Стојановски, претставник на ДКСК;
6. Кореспонденција по меил со Миша Поповиќ, Институт за демократија „СоциетасЦивилис“;
7. Кореспонденција по меил со Горан Давидовски, претставник на Бирото за јавни набавки;
8. Кореспонденција по меил со Маја Петковска Лесес, претставник на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ.

## КОРИСНИ МАТЕРИЈАЛИ

1. Microsoft Word - for web_2019-21-Design-Report-Template.docx (opengovpartnership.org)
2. Microsoft Word - for web_Implementation-Report-2017-19-APs-template_to-use-updated-12-17-19.docx (opengovpartnership.org)
3. IRM Reports and Analysis (opengovpartnership.org)
4. IRM Guidelines for the Assessment of Minimum Requirements (opengovpartnership.org)
5.NAP5-PARTNERSTVO-ZA-OTVORENA-VLAST-2021-2023-_-potvrden-od-Vlada-26.10.2021.pdf (ovp.gov.mk)

Процесот е поддржан од Секретаријатот на ПОВ како дел од проектот „Поддршка на процесот за спроведување и следење на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2021-2023“, кој го спроведува Фондација Отворено општество - Македонија во партнерство со Центар за граѓански комуникации и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, во соработка со Министерство за информатичко општество и администрација